Бр./Nr 12-1874/2

03-02-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница, продолжение одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1874/1 од 04.05.2020 година, во која се изразува сомнеж за незаконска сеча на дрва во ---------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во пријавата нема јасни наводи за незаконити или недозволиви дејствија на службено лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а бидејќи пријавата е анонимна, ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во истата.

Предметот со број 12-1874/1 од 04.05.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 04.05.2020 година, доставена е пријава во која се изразува сомнеж за незаконска сеча на дрва во -------- и оформен е предмет број 12-1874/1 од 04.05.2020 година. Во пријавата, подносителот наведува дека бил сведок на многубројни возила кои биле натоварени со бесправно исечени дрвја во ----------. Групите кои ги сечеле користеле нерегистрирани возила. Пријавата била доставена и до Министерство за земјоделие и Министерство за животна средина.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи, односно нема информации дали службени лица во смисла на член 8 став 2 од ЗСКСИ се вклучени во споменатите дејствија, туку е наведено дека одредена група ги извршувала незаконитите дејствија, а воедно ДКСК нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата бидејќи станува збор за анонимна пријава.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: м-р Ш.С-член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Горан Трпеноски**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk